**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалник

Советот на Општина Велес на 5-та седница одржана на ден_.12.2025 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на**
**Програмата за активностите на Општина Велес**
**во областа на здравствената заштита во 2026 година**

**1.** Со оваа Програма се врши следното изменување и дополнување во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.17/25):

- Во точка 3. Бездомни животни, во колона Предвидени средства износот „1.000.000,00“ се брише и се заменува со износот „3.100.000,00“.

- Се додава потточка 3.2.„Оперативен трошок за функционирање на Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во ВПР (јануари-декември)“ во колона Предвидени средства се внесува износот „2.100.000,00“.

- Во дел ВКУПНО во колона Предвидени средства износот „4.351.000,00 “ се брише и се заменува со износот „6.451.000,00“.

**2.** Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**О б р а з л о ж е н и е**

Измената и дополнувањето на програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита за 2026 година се должи на додавање на потточката „Оперативен трошок за функционирањена Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во ВПР (јануари-декември)“ во висина од 2.100.000,00

| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
|---|---|---|
| **1** | **ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ** | **3.201.000,00** |
| 1.1. | Третирање против возрасна форма на комарци | 2.500.000,00 |
| 1.2. | Ларвицидно третирање | 150.000,00 |
| 1.3. | Дератизација и дезинсекција на јавни површини и јавни објекти во надлежност на општината | 500.000,00 |
| 1.4. | Надзор врз спроведувањето на општи мерки за заштита на населението од заразни болести | 51.000,00 |
| **2** | **ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ СО ИНСТИТУЦИИ, НВО** | **150.000,00** |
| 2.1. | Активности на Совет за јавно здравје | 50.000,00 |
| 2.2. | Климатска рехабилитација (Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености и Друштво на родители за грижа за здраво поколение) | 100.000,00 |
| **3** | **БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ** | **3.100.000,00** |
| 3.1. | Заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња | 1.000.000,00 |
| 3.2 | Оперативен трошок за функционирање на Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во ВПР (јануари-декември) | 2.100.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **6.451.000,00** |